**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР**

БР 11 – 86/5
Од 25.04.2023 год.
Општина Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, во Општина Виница поднесено под број 62/22 од 29.09.2022 заверено со арх.бр.11-86 од 27.02.2023, за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.6 – Големи сали, хали, складови и магацини за потребите на трговијата, на КП 2538, КП 2542, КП 2543, КП 2544 и КП 2545, КО Истибања, Општина Виница,** со технички број **62/22** од февруари 2023 год. изработен од **Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со дел. број** 62/22 од 27.02.2023 изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б2.6 – Големи сали, хали, складови и магацини за потребите на трговијата, на КП 2538, КП 2542, КП 2543, КП 2544 и КП 2545, КО Истибања, Општина Виница.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за урбанистички проект (pdf,dwg)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

5.Услови за планирање на просторот/решение за УПП

6.Мислење од институции

7.Проектна програма

8.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-230 од 24.02.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех бр 62/22 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 11-86/4 од 19.04.2023 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Mile Petkov

Digitally signed by Mile Petkov
Date: 2023.04.25 11:27:39 +02'00'

**ГРАДОНАЧАЛНИК**